Врз основа на член 22 и 23 од Законот за работните односи ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18, 110/19, 267/20 и 151/21), Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје објавува:

Јавен оглас
за потреба од вработување на работници на неопределено време

Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје, има потреба од вработување на **7 (седум)** работници на неопределено време за следните работни места:

1. За работно место **"Самостоен сметководител"** во Дирекција на Акционерското друштво – **1 (еден)** работник со завршено ССС во Сектор за економско финансови работи и информатика - Отсек за сметководство и финансиска оператива, со 1 (една) година работно искуство по стекнувањето со бараната стручна подготовка.

- Неделното работно време е од понеделник до петок (40 часа), 8 работни часа дневно (почеток во 08:00 часот и завршеток во 16:00 часот), основна нето плата **29.637,00 денари.**

2. За работно место **"Сметководител"** во Дирекција на Акционерското друштво – **1 (еден)** работник со завршено ВШС-ССС во Сектор за економско финансови работи и информатика - Отсек за сметководство и финансиска оператива, со 1 (една) година работно искуство по стекнувањето со бараната стручна подготовка.

- Неделното работно време е од понеделник до петок (40 часа), 8 работни часа дневно (почеток во 08:00 часот и завршеток во 16:00 часот), основна нето плата **22.878,00 денари.**

3. За работно место **"Обезбедувач"** во Дирекција на Акционерското друштво – **1 (еден)** работник со завршено ССС во Сектор за стопанисување со деловен простор - Отсек за приватно обезбедување за сопствени потреби, со 1 (една) година работно искуство по стекнувањето со бараната стручна подготовка.

- Неделното работно време е од понеделник до петок (40 часа), 8 работни часа дневно (почеток во 08:00 часот и завршеток во 16:00 часот), основна нето плата **23.122,00 денари.**

4. За работно место **"Самостоен референт за склучување на договори"** во Регионален Центар Скопје на Акционерското друштво – Сектор за стопанисување со деловен простор, за Работна Единица Струмица, за во Гевгелија – **1 (еден)** работник со завршено ВСС, со 1 (една) година работно искуство по стекнувањето со бараната стручна подготовка.

- Неделното работно време е од понеделник до петок (40 часа), 8 работни часа дневно (почеток во 08:00 часот и завршеток во 16:00 часот), основна нето плата **28.125,00 денари.**

5. За работно место **"Одговорен референт за теренска контрола на деловни простории и комунални услуги"** во Регионален Центар Скопје на Акционерското друштво – Сектор за стопанисување со деловен простор, за Работна Единица Велес – **1 (еден)** работник со завршено ССС, со 1 (една) година работно искуство по стекнувањето со бараната стручна подготовка.

- Неделното работно време е од понеделник до петок (40 часа), 8 работни часа дневно (почеток во 08:00 часот и завршеток во 16:00 часот), основна нето плата **29.139,00 денари.**

6. За работно место **"Референт за евиденција на судски и извршни предмети"** во АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје, Регионален центар Кичево, за Работна Единица Струга – **1 (еден)** работник со завршено ССС со 1 (една) година работно искуство по стекнувањето со бараната стручна подготовка.

- Неделното работно време е од понеделник до петок (40 часа), 8 работни часа дневно (почеток во 08:00 часот и завршеток во 16:00 часот), основна нето плата **20.277,00 денари.**

7. За работно место **"Референт за архивско работење**" во АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје, Регионален центар Кичево – **1 (еден)** работник со завршено НКВ, КВ или ССС без работно искуство по стекнувањето со бараната стручна подготовка.

- Неделното работно време е од понеделник до петок (40 часа), 8 работни часа дневно (почеток во 08:00 часот и завршеток во 16:00 часот), основна нето плата **19.670,00 денари.**

Заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат општите услови согласно Закон, како и посебните услови предвидени со Правилникот за систематизација на работни места на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје и тоа:

- да имаат завршено соодветно образование наведено за конкретното работно место и работно искуство по стекнувањето со бараната стручна подготовка.

Кандидатите со пријавата (со контакт телефон и адреса), во која се наведува за кое работно место од огласот се пријавува, треба да доставаат и докази за исполнување на наведените услови и тоа:

- диплома, уверение или свидетелство за завршено образование со бараната стручна подготовка (оригинал или копија заверена на нотар);
- доказ за работно искуство (оригинал или копија заверена на нотар);
- уверение за државјанство (оригинал или копија заверена на нотар).

Рокот за пријавување на кандидатите е **3 (три) работни дена** од денот на објавувањето на огласот (до 26.12.2022 година).

Ненавремените и некомплетните пријави нема да се разгледуваат.

Пријавата со документацијата во оригинал или копија заверена на нотар се доставува на адреса на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје – Дирекција на ул. "Стале Попов" бр.9, мезанин, локал 5 во Скопје, препорачано преку пошта или во архивата на Акционерското друштво секој работен ден од 08:00-16:00 часот.

Пријави доставени по e-mail нема да се разгледуваат.

АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје ќе изврши избор од пријавените кандидати во законски предвидениот рок (45, 90 или 120 дена) во зависност од бројот на пристигнатите пријави.

Лице за контакт: Г. Данов, тел. 02/3233-281; 076/361-386